# ПРИДОНЕСОТ НА ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ (ЛЕСС) ВО СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ- ДОСЕГАШНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ И КАКО ПОНАТАМУ?

МладинскиКултурен
Центар-Битола

Издавач:

Младински културен центар – Битола
Ул. Цар Самуил бр.29, 7000 Битола

За издавачот:
Златко Талевски

Автор:
Катица Михајловиќ

Дизајн и печатење:
Графо Пром

Битола, 2022

Оваа публикација е дел од проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“, имплементиран од Младинскиот културен центар – Битола, финансиран од Меѓународниот центар Олоф Палме и поддржан од шведската влада. Содржината на оваа публикација ги одразува мислењата на авторот, а не нужно мислењата на Меѓународниот центар Олоф Палме.

OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER

Sweden Sverige

# Придонесот на локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) во социјалниот дијалог – Досегашно функционирање и како понатаму?

## ШТО Е СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ?

Социјалниот дијалог ги вклучува сите видови преговори, консултации или размена на информации меѓу претставниците на владите, работодавачите и работниците, поврзан со економско-социјалната политика.[1] Исто така, социјалниот дијалог е дел од европскиот социјален модел, бидејќи „го одразува демократското начело (вклучено во Член 11 од Договорот за Европската унија – ДЕУ) дека претставничките организации треба да ги изразат своите ставови, да бидат консултирани и да водат дијалог со јавните власти" и дека работниците и работодавачите „треба да бидат вклучени во процесот на носење одлуки за прашања кои директно ги засегаат".[2]

Најчесто владите, работодавачите и работниците имаат различни или конфликтни интереси и прашања за решавање во однос на реформите во областа на трудот и вработувањето, фискалните и даночните мерки, здравствената заштита, образованието и обуката, мерките за ублажување на последиците од економските кризи, конкурентноста и продуктивноста или структурните реформи. Социјалниот дијалог овозможува сите овие прашања да се регулираат и утврдат со консензус и од интерес на пошироката заедница. Како алатка за постигнување согласност и намалување на конфликтите, дијалогот има голема вредност, особено во периоди на транзиција и економски кризи.

**Социјалниот дијалог може да биде во бипартитна форма – дијалог меѓу синдикатите и работодавачите.** Бипартитната форма подразбира преговори меѓу синдикатите и работодавачите за платите и работните услови. Преговорите најчесто резултираат со обврзувачки и полноважен колективен договор.

**Социјалниот дијалог може да биде и во трипартитна форма – дијалог меѓу синдикатите, работодавачите и владини претставници.** Социјалниот дијалог може да се одвива на различни нивоа: национално, секторско ниво, локално ниво, како и на ниво на претпријатие или фабрика.

[1] Дефиниција на Меѓународната организација на трудот (МОТ)
[2] Кристин Карлс, Џеф Брицфорд, Социјален дијалог: Прирачник за обука на членовите на синдикатот, Меѓународна организација на трудот, 2015

Националниот социјален дијалог најчесто опфаќа теми кои се тесно поврзани со прашањата во врска со работните услови, економските и социјалните политики од поширока перспектива. Социјалниот дијалог на локално ниво опфаќа економско-социјални прашања од делокругот на локалната самоуправа, како и специфични прашања од областа на вработување на младите и потребите на пазарот на трудот.

## КАКО ФУНКЦИОНИРА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ КАЈ НАС?

Во Република Северна Македонија (РСМ), социјалниот дијалог функционира на трипартитно и бипартитно ниво. Трипартитниот социјален дијалог е институционализиран преку Економско-социјалниот совет (ЕСС) на национално ниво и Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС).

Основата за воспоставување и функционирање на социјалниот дијалог во земјата се Законот за работни односи[3] и Спогодбата за формирање на Економско - социјалниот совет[4] , како и конвенциите на Меѓународната Организација на Трудот (МОТ) кои се однесуваат на слобода на здружување и заштита на правото на организирање, колективни преговарања и трипартитни консултации.

Законот за работни односи од 2005 година ја постави законската рамка за функционирање на социјалниот дијалог на бипартитно и трипартитно ниво. Законот утврдува правила за создавање на организации на работници и работодавачи, како и за колективно договарање на работните односи помеѓу двете страни. Законот ја даде и основата за создавање на Економско - социјален совет (ЕСС). ЕСС претставува највисока институционална форма за промоција на трипартитниот социјален дијалог и неговата дејност се заснова на потребата за соработка и дијалог меѓу Владата, синдикатите и здруженијата на работодавачи во решавањето на економските и социјалните прашања и проблеми. ЕСС го сочинуваат 12 членови. Членови на ЕСС именувани од страна на Владата се: министерот за труд и социјална политика, министерот за финансии, министерот за економија и заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања. Од редот на социјалните партнери во работата на ЕСС учествуваат четири члена од Организацијата на работодавачи на Македонија и четири члена од Сојузот на синдикати на Македонија.

[3] "Сл. весник на РМ" 62/2005 година
[4] "Сл. весник на РМ" бр.113/2010

**ЕСС дава мислења, предлози и препораки по предлози на закони и други прописи, национални стратегии и програми кои се во врска со економско-социјалните интереси на работниците и работодавачите, пред да бидат разгледани од страна на Владата, при што мислењето по однос на законите од областа на работните односи, вработувањето, пензиското и инвалидското осигурување и безбедноста и здравјето при работа е задолжително.**[5]

ЕСС е релативно ефективен во однос на прашања што редовно се разгледуваат и за кои се усвојуваат мислења. Она за кое се одлучува и што се усвојува на состанокот автоматски се спроведува во ревидираниот материјал, без оглед дали станува збор за закон, подзаконски акт или стратегиски документ. Потоа Владата ги усвојува новите документи заедно со промените што се направени на седниците на ЕСС. Едни од позначајните примери се Законот за минимална плата, Законот за работни односи, Законот за пензиско осигурување, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.[6]

## ЛОКАЛНИ ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ (ЛЕСС)

Процесот на развивање на социјалниот дијалог на локално ниво и формирање на локални економско-социјални совети е иницииран од Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ).[7] Постапката за формирање на ЛЕСС започнува со донесување одлука за формирање на ЛЕСС од страна на Советот на општината. Со цел на ЛЕСС да му се даде правен легитимитет и да се дефинира неговото функционирање на ниво на општина, Советот на општината донесува одлука со која го овластува градоначалникот од името на општината да ја потпише Спогодбата за формирање на ЛЕСС. Спогодбата за формирање на ЛЕСС ги дефинира целите и задачите на ЛЕСС, составот и изборот на членови, начинот на работа и одлучување.

Согласно Спогодбата за формирање на **ЛЕСС како консултативно-советодавно тело разгледува прашања и дава мислења, предлози и препораки до Градоначалникот, Советот на општината и други органи за прашања од економско-социјалната сфера.**

---

[5] Официјална интернет страна на ЕСС www.ness.mk

[6] Гуардианцич Игор, Молина Оскар, Кон ефективен и функционален социјален дијалог во Северна Македонија, 2019

[7] Официјална интернет страна на ССМ https://www.ssm.org.mk/mk/lokalni-ekonomsko-socijal ni-soveti-less

Препораките, предлозите и мислењата кои ЛЕСС треба да ги доставува до Општината во која е формиран, би требало да се движат во фокусот на надлежности на Општината утврдени во Законот за локална самоуправа.[8] Сепак ова не значи дека ЛЕСС треба да се фокусира само на надлежностите на Општината, туку напротив тоа претставува само насока за делувањето на ЛЕСС.

Сите ЛЕСС во принцип се формирани со иста цел и имаат идентичен мандат, надлежности и улога. ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во општината каде што е формиран и дава свои мислења и предлози за следните специфични прашања:

**Економскиот и социјалниот развој во општината**

**Вработување со акцент на вработувањето на младите**

**Животниот стандард и сиромаштијата**

**Развивање и унапредување на колективното договарање**

**Подобрување на работните услови и заштита при работа**

**Заштита на работната и животната средина**

**Образованието и професионалната обука**

**Здравствената и социјалната заштита на ранливите категории на граѓани**

**Демографските движења**

**Други прашања во согласност со актите на ЛЕСС**

Од специфичен интерес на ЛЕСС се економската политика на општината, политиките за вработување, вработување на младите и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на локалниот деловен сектор и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем, политиките за цени и плати, безбедност и здравје при работа.

[8] Закон за локална самоуправа (Сл.Весник на РСМ 05/02) член 20 до 23

**Првите ЛЕСС** се формирани во општините Кавадарци и Куманово во 2010 година. Понатаму, во рамки на Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување, периодот 2011 - 2013 година, беа формирани шест ЛЕСС и тоа во општините Струмица, Штип, Битола, Тетово, Гостивар и Скопје. Општината Гази Баба формира свој ЛЕСС по сопствена иницијатива. Со поддршка на проектот "Унапредување на социјалниот дијалог", финансиран од ЕУ, а имплементиран од МОТ, во периодот 2015 – 2016 година беа формирани уште шест ЛЕСС во општините Ресен, Радовиш, Свети Николе, Велес, Струга и Кичево.

## СОСТАВ НА ЛЕСС

Во ЛЕСС се запазува начелото на трипартитност и соодветна застапеност на социјалните партнери, со цел да се овозможи рамноправност на сите учесници во локалниот социјален дијалог.
**Во сите ЛЕСС составот е сличен, односно во него учествуваат социјалните партнери претставени преку репрезентативните синдикати и организациите на работодавачи, заедно со претставниците на локалната самоуправа.**

Социјалните партнери се претставени преку членството на синдикалните организации во (Сојуз на синдикатите на Македонија и Конфедерација на слободни синдикати на Македонија), Организација на работодавачи на Македонија и Бизнис конфедерација на Македонија.

Во однос на членовите на ЛЕСС кои ја претставуваат Општината нема правила за тоа кој треба да членува во ЛЕСС. Имено општините сами одлучуваат дали во ЛЕСС ќе го вклучат градоначалникот, или некој од вработените во општинската администрација или пак преставници од Советот на општината. Најчесто во ЛЕСС членуваат претставници од локалната администрација, но постојат и ЛЕСС во кои членуваат градоначалникот на општината и советници.

**Посебна карактеритика на ЛЕСС е проширениот состав** и со претставници од граѓанските организации, а посебно младинските организации, занаетчиски комори, претставници на деловниот сектор и претставници на образовните институции, Центрите за вработување и други локални чинители.

Овие членови имаат право да учествуваат во работењето на ЛЕСС, но правото на глас им е ограничено. Вкупниот број на членови на ЛЕСС не е дефиниран со оглед на тоа што нема прецизни правила по однос на ова прашање, па така тој варира од општина до општина, меѓутоа се води сметка за рамноправна застапеност на претставниците на Општината и социјалните партнери.

## ИСКУСТВА ОД ДОСЕГАШНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЛЕСС

**Досега се формирани 15 (петнесет) ЛЕСС,** во следните општини: Битола, Велес, Гостивар, Гази Баба, Кавадарци, Кичево, Куманово, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип. Сите ЛЕСС имаат различно ниво на ангажман и иницијативи во извршување на нивната консултативна и советодавна улога во процесот на креирањето на локалните политики. Во периодот 2019 – 2021 преку проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата" спроведуван од Младинскиот културен центар од Битола, со поддршка Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска се направи значаен исчекор во обезбедување поддршка во работата и зголемување на видливоста на ЛЕСС во општините Битола, Гостивар, Струга, Штип и Тетово. Во овие општини беше поддржан процесот на стратешко планирање на ЛЕСС, спроведени јавни дебати и дискусии за актуелни теми на локално ниво, како што се Законот за практикантска работа, влијанието на кризата со пандемијата Ковид-19 врз локалната економија, потребите на пазарот на труд, трендовите во стручното образование, ефектите од мерките за вработување. Исто така, беа спроведени повеќе настани за вмрежување на ЛЕСС со цел да се зајакнат меѓусебните односи, соработката и трансферот на знаење помеѓу членовите. Поддршката на ЛЕСС ќе продолжи и во следниот период со вклучување на уште три ЛЕСС од општините Ресен, Свети Николе и Кавадарци.

Меѓу позначајните досегашни активности на ЛЕСС, во целиот период на нивното функционирање може да се издвојат следните:

- Учество во изработка на локални стратешки документи и акциски планови за вработување и за локален економски развој;
- Донесување на акциски планови за работа на ЛЕСС;
- Иницијативи за поттикување на претприемничко учење во училиштата;

- Воспоставување на нови струки/програми за изучување во средните стручни училишта, врз основа на спроведени истражувања за потребите на локалниот деловен сектор;
- Воспоставување традиционални награди за општествено одговорни компании;
- Активности кои се однесуваат на образование на возрасни лица, субвенции за самовработување, програми за неформално образование во координација со Центрите за вработување;
- Одржување консултации, трибини, расправи и работилници кои се однесуваат на дефинирање на локалните приоритети за развој, состојбите во локалната економија потребите на локалниот пазар на труд;
- Обуки на теми безбедост и здравје при работа, како и за мирно решавање на спорови.

Во однос на формалната можност за реализирање на мандатот и улогата на ЛЕСС создадени се добри основи и јасни правила и процедури. Ова особено се однесува на улогата на ЛЕСС да биде советодавно и консултативно тело на Советот на општината. Конкретно, Советот на општината и градоначалникот со потпишувањето на Спогодбата за основање на ЛЕСС се обврзуваат, пред да донесат одлука со која се задира во економско-социјалната сфера од локалната заедница, да побараат мислење од ЛЕСС.

Исто така, **ЛЕСС може по сопствена иницијатива да доставуваат мислења и предлози за економско-социјалните прашања до градоначалникот и до Советот на општината.**

Искуството покажува дека можноста Советот на општината да побара мислење од ЛЕСС за одредени прашања за кои треба да одлучува ретко се користи. Од друга страна пак и самите ЛЕСС освен во ситуации кога се вклучени во проектни активности, немаат пракса да доставуваат предлози и мислења до локалната власт.

## ИЗГРАДБА НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ НА ЛОКАЛНО НИВО – КАКО ПОНАТАМУ?

Економско-социјалниот дијалог се смета за клучен европски економско-социјален концепт, со кој што се овозможува да дојдат до израз ресурсите и потенцијалите на актерите во процесот на креирање јавни политики. Голем број извештаи на Европската комисија за напредокот на земјата укажуваат на потребата за понатамошен развој на социјалниот дијалог помеѓу главните засегнати страни. Основната и најзначајната улога и функција на ЛЕСС, да разгледува прашања и да дава свои мислења и препораки за прашања кои се однесуваат на економско–социјалната сфера, може да се заклучи дека не е доволно искористена од страна на постојните ЛЕСС. Изградбата на социјалниот дијалог не е едноставна работа, затоа што се потребни постојани капацитети и висока јавна свест. Потребни се дополнителни напори за унапредување на социјалниот дијалог како основен елемент на Европскиот социјален модел, кој промовира конкурентност и подобрување на економскиот просперитет и социјалната благосостојба.

ЛЕСС можат да бидат важни тела, затоа што обезбедуваат простор и можност своите потреби да ги искажат сите локални чинители – синдикати, работодавачи, локалната самоуправа, коморите, граѓанскиот сектор. Социјалниот дијалог истовремено е алатка за постигнување на социо-економските цели и цел сама по себе, бидејќи им овозможува на луѓето да имаат глас и улога во своите заедници и на работните места. Социјалниот дијалог на локално ниво треба да ги развива сите форми на дијалог.

Оттука, важно е да се работи во насока на тоа **ЛЕСС да стане препознатлив субјект во јакнење на социјалниот дијалог во општината,** подигнување на свеста за потребата од трипартитниот дијалог на локално ниво како и придобивките од дијалогот, како за социјалните партнери така и за локалните власти и за локалната заедница во целост.

Истовремено треба да се зајакнат капацитетите на членовите на ЛЕСС во насока на следење на состојбите и случувањата во локалната заедница во економско-социјалната сфера, како и создавање механизми за пристап до потребни информации, за да бидат активни чинители односно да преземаат акции и иницијативи кои можат да придонесат кон поефикасно остварување на нивната улога.

Динамичните глобални промени во изминатите две години предизвикани од пандемијата Ковид-19, коишто негативно се одразија врз економскиот и социјалниот развој, имаа и сè уште имаат големо влијание и во нашата земја. Трипартитниот социјален дијалог меѓу владите и организациите на работниците и работодавачите посебно во вакви услови претставува клуч за развивање и спроведување одржливи решенија, од ниво на заедница до глобално ниво.

Во нашиот локален контекст, **локалната самоуправа** треба да гради култура на социјален дијалог, како механизам за постигнување консензус за разни прашања од областа на економската и социјалната политика, посебно во услови на економски пад и социјални кризи. Важно е спроведувањето на редовни анализи на работната сила на пазарот на трудот, можностите за вработување особено на младите, образованието во контекст на обезбедување на квалификувана работна сила. Дополнително, локалната самоуправа ќе има бенефит од вклучувањето на ЛЕСС во консултативни процеси во однос на реформите и модернизацијата во администрацијата кои се наметнаа како резултат на пандемијата и борбата за потранспарентни и отчетни институции. Ваквиот ангажман би се однесувал на редовни консултации со ЛЕСС за процесот на обезбедување локални е-услуги, потоа издавање лиценци и одобренија за стопански активности, донесување урбанистички планови, прибирање на даноците на имот, комуналните такси.

**Претставниците на работодавачите и синдикатите** ќе имаат бенефит од нивната вклученост при процесот на креирање и донесување на општинскиот буџет, планирањето на развојните програми и стратешки планирања кои имаат влијание врз економско-социјалниот развој на општината. Предлагање решенија за намалување на ризиците од губење на работните места, развој на флексибилноста на работната сила, справување со реструктуирањето и подобрување на можностите за доквалификација и преквалификација.

Социјалниот дијалог е клуч за делотворноста на мерките и политиките. Во време на зголемена социјална напнатост и недостиг на доверба во институциите, почитта и вербата во механизмите за социјален дијалог создава силна основа за зајакнување на заложбата на работодавачите и работниците за заедничко делување со властите.